480190	Купување на друга опрема	2.512.974	0	0	0	0	0	0
482	**Други градежни објекти**	**200.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**	**0**
482930	Реконструкција на други објекти	200.000	0	0	0	0	0	0
VA0	КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ДЕТСКИ ГРАДИНКИ	4.750.000	0	4.750.000	0	3.150.000	0	7.900.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**4.750.000**	**0**	**4.750.000**	**0**	**3.150.000**	**0**	7.900.000
480	**Купување на опрема и машини**	**1.100.000**	**0**	**1.100.000**	**0**	**0**	**0**	**1.100.000**
480140	Купување на информатичка и видео опрема	200.000	0	200.000	0	0	0	200.000
480160	Купување на опрема за греење и климатизација	400.000	0	400.000	0	0	0	400.000
480190	Купување на друга опрема	500.000	0	500.000	0	0	0	500.000
482	**Други градежни објекти**	**3.150.000**	**0**	**3.150.000**	**0**	**3.150.000**	**0**	**6.300.000**
482820	Изградба на капацитети во енергетиката	0	0	0	0	1.000.000	0	1.000.000
482930	Реконструкција на други објекти	3.000.000	0	3.000.000	0	2.000.000	0	5.000.000

БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

Потпрограм / Категорија / Ставка / Потставка	О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т					
			Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	Вкупни расходи
		1.261.722.589	**531.859.249**	**86.373.200**	**654.050.806**	**30.520.397**	**0**	**1.302.803.652**
482940	Надзор над изградбата	150.000	0	150.000	0	150.000	0	300.000
483	**Купување на мебел**	**500.000**	**0**	**500.000**	**0**	**0**	**0**	**500.000**
483120	Купување на училишен мебел	500.000	0	500.000	0	0	0	500.000
W00	ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА	30.761.830	4.280.000	0	27.122.000	0	0	31.402.000
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**26.721.830**	**0**	**0**	**27.122.000**	**0**	**0**	27.122.000
401	**Основни плати**	**17.699.830**	**0**	**0**	**17.122.000**	**0**	**0**	**17.122.000**
401130	Основни плати - други вработени	16.375.670	0	0	15.737.840	0	0	15.737.840
401310	Персонален данок на доход од плата	1.324.160	0	0	1.384.160	0	0	1.384.160
402	**Придонеси за социјално осигурување**	**9.022.000**	**0**	**0**	**8.500.000**	**0**	**0**	**8.500.000**
402110	Основни придонеси за ПИО	5.442.650	0	0	4.882.650	0	0	4.882.650
402120	Придонес за бенифициран стаж	1.179.080	0	0	1.179.080	0	0	1.179.080
402210	Основни придонеси за здравство	1.937.060	0	0	1.975.060	0	0	1.975.060
402220	Основен придонес за професионално заболување	126.330	0	0	126.330	0	0	126.330
402310	Основни продонеси до Агенцијата за вработување	336.880	0	0	336.880	0	0	336.880
404	**Надоместоци**	**0**	**0**	**0**	**1.500.000**	**0**	**0**	**1.500.000**
404150	Други надоместоци	0	0	0	1.500.000	0	0	1.500.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**3.780.000**	**3.970.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	3.970.000
421	**Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт**	**2.150.000**	**1.690.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.690.000**
421110	Електрична енергија	500.000	200.000	0	0	0	0	200.000
421120	Водовод и канализација	300.000	200.000	0	0	0	0	200.000
421240	Течни горива	700.000	600.000	0	0	0	0	600.000
421320	Телефон и телефакс	170.000	260.000	0	0	0	0	260.000
421390	Други трошоци за комуникација	10.000	10.000	0	0	0	0	10.000
421410	Горива и масла (моторни возила)	320.000	320.000	0	0	0	0	320.000
421420	Регистрација на моторни возила	150.000	100.000	0	0	0	0	100.000
423	**Материјали и ситен инвентар**	**450.000**	**1.180.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.180.000**
423310	Униформи	0	570.000	0	0	0	0	570.000
423320	Обувки	0	330.000	0	0	0	0	330.000
423830	Резервни делови	420.000	250.000	0	0	0	0	250.000
423990	Други материјали	30.000	30.000	0	0	0	0	30.000
424	**Поправки и тековно одржување**	**880.000**	**800.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**800.000**
424110	Поправки и сервисирање на лесни возила (вклучува • S резервни де	700.000	700.000	0	0	0	0	700.000
424440	Поправки и одржување на друга опрема	180.000	100.000	0	0	0	0	100.000

БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ПОТПРОГРАМИ

Потпрограм Категорија Ставка Потставка	О П И С	Предходен буџет	Б У Џ Е Т					
			Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	Вкупни расходи
		1.261.722.589	**531.859.249**	**86.373.200**	**654.050.806**	**30.520.397**	**0**	**1.302.803.652**
426	**Други тековни расходи**	**300.000**	**300.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**300.000**
426990	Други оперативни расходи	300.000	300.000	0	0	0	0	300.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**260.000**	**310.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	310.000
464	**Разни трансфери**	**260.000**	**310.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**310.000**
464990	Други трансфери	260.000	310.000	0	0	0	0	310.000
WA0	ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА (КАПИТАЛНИ ТРОШОЦИ)	1.650.000	390.000	0	0	0	0	390.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**1.650.000**	**390.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	390.000
480	**Купување на опрема и машини**	**1.650.000**	**390.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**390.000**
480190	Купување на друга опрема	1.650.000	390.000	0	0	0	0	390.000

Б1 ОБРАЗЕЦ

ПЛАН НА РАЗВОЈНИ ПОТПРОГРАМИ

ИМЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА	Изградба на јавно осветлување	ОЗНАКА НА РАЗВ. ПРОГРАМА	JA
ИМЕ НА РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА	Реновирање и модернизација на системот на улично осветлување во Општина Велес	ОЗНАКА НА РАЗВ. ПОТПРОГРАМА	JAA
ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ	Ж.Атанасовски и П.Цилаков	ТЕЛЕФОН И ФАКС	043-232-406
ФУНКЦИЈА	Виш соработник и Раководител на сектор	Е-МАИЛ	zarko.atanasovski@veles.gov.mk
ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА	Замена на светилките за улично осветлуваење (вкупен број 4543) со LED паметни светилки. Се предвидува сите да имаат комуникациски модул и инсталираење на мрежни анализатори во ормарите за јавно осветлуваење. Моментално на територијата на Општина Велес има поставено 4543 натриумови сијалици од кои 4013 од 70W, 80 светилки од 100W и 450 светилки од 150W. По целосна замена на сите постоечки светилки средствата за потрошена електрична енергија ќе се намалат за три пати.		
ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ	Изготвување на основен проект и реализација на терен.		
ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ/ЕФЕКТИ	Заштеда на електрична енергија и следеење на состојбата со уличното осветлуваење со континуирано следеење поради инсталирани мрежни анализатори во ормарите за јавно осветлуваење и намалуваење на потрошувачката на електрична енергија.		
РИЗИК И ПРЕТПОСТАВКИ	Фактори на коишто не можеме да влијаеме како општина е цената на електричната енергија.		
ДАТУМ НА ЗАПОЧНУВ. НА ПРОЕКТОТ	01.01.2025	ВКУП. ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ	90.000.000
ИМЕ НА СТУДИЈАТА	Физибилити студија за модернизација на јавното осветлување во Општина Велес		
НИВО НА СТУДИЈАТА *	FS		
АВТОР / ФИРМА	Техно ТЕМ Консалтинг од 2021 година	СЕДИШТЕ	
ДАТУМ НА ИЗГОТ.НА ПРОЕКТОТ	30.06.2023		

НИВО НА СТУДИЈАТА * ИП - ИДЕЕН ПРОЕКТ ПФС - ПРЕДФИЗИБИЛИТИ СТУ.
ГП - ГЛАВЕН ПРОЕКТ ФС - ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА

	2025	2026	2027	2028	2029
И Н Д И КАТОРИ	30.000.000	30.000.000	30.000.000		

Б1 ОБРАЗЕЦ

ПЛАН НА РАЗВОЈНИ ПОТПРОГРАМИ

ИМЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА	Капитални расходи за други комунални услуги	ОЗНАКА НА РАЗВ. ПРОГРАМА	JL
ИМЕ НА РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА	Реконструкција на дел од ул. Раштански пат,Д.Влахов,Б.Трајковски и А.Д.Бауман	ОЗНАКА НА РАЗВ. ПОТПРОГРАМА	JLG
ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ	С.Дервишова и В.Смилева	ТЕЛЕФОН И ФАКС	043-232-406
ФУНКЦИЈА		Е-МАИЛ	snezana.dervisova@veles.gov.mk
ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА	Општа цел: Подобрување на улична инфраструктура на повеќе делови од градот каде уличната мрежа е најоштетена и создавање на услови за непречено одвивање на сообраќајот и безбедност на сите учесници во сообраќајот. Специфични цели: 1.) Подобрување на состојбата на уличната мрежа - реконструкција на постоечката инфраструктура во вкупна должина од 2.476м, за период од 36 месеци со отплата од 07/2024 до 07/2027. 2.) Подобрување на безбедноста на учесниците за најмалку 10%, добивање на нов лик, и зголемување на функционалност на улиците.		
ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ	1.1.Реконструкција на дел од Раштански пат од спој со Андон Шурков до Ветеринарна станица. 1.2.Реконструкција на дел од улица Димитар Влахов преку Нов мост (без Нов мост) до кружната раскрсница пред Стоковна куќа. 1.3.Реконструкција на дел од улица Борис Трајковски од спој со АСНОМ до спој со улица Благој Ѓорев. 1.4.Реконструкција на дел од Алексо Демниевски Бауман (од Пошта) до спој со ул. Наум Наумовски Борче, со решавање на раскрсницата.		
ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ/ЕФЕКТИ	Р1)Изградени вк. 2.476м инфрструктура на четири локации во градот. Р2)Зголемен број на бизниси на потегот каде се реконструираат за мин.3% по 12месеци од завршување на проект. Р3)Подобрена безбедност за 10%. Очекувани ефекти: ќе се зајакне локалната економија, ќе се среди сообраќајниот хаос, ќе се подобри безбедноста.		
РИЗИК И ПРЕТПОСТАВКИ	Неповолни услови кои можат да ја одолговлечат реализацијата на проектот.		
ДАТУМ НА ЗАПОЧНУВ. НА ПРОЕКТОТ	01.07.2024	ВКУП. ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ	29.766.826
ИМЕ НА СТУДИЈАТА	ГП за реконструкција на четири улици низ градот.		
НИВО НА СТУДИЈАТА *	ГП		
АВТОР / ФИРМА	МГ Проект ДООЕЛ	СЕДИШТЕ	Скопје
ДАТУМ НА ИЗГОТ.НА ПРОЕКТОТ	01.01.2023		

НИВО НА СТУДИЈАТА * ИП - ИДЕЕН ПРОЕКТ ПФС - ПРЕДФИЗИБИЛИТИ СТУ.
ГП - ГЛАВЕН ПРОЕКТ ФС - ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА

И Н Д И КАТОРИ	2025	2026	2027	2028	2029
	9.922.276	9.922.276	4.961.138		

Б1 ОБРАЗЕЦ

ПЛАН НА РАЗВОЈНИ ПОТПРОГРАМИ

ИМЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА	Капитални расходи за други комунални услуги	ОЗНАКА НА РАЗВ. ПРОГРАМА	JL
ИМЕ НА РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА	Регулација на р.Вардар во должина од253м на потег од под Мало мовче до Стар мост	ОЗНАКА НА РАЗВ. ПОТПРОГРАМА	JLD
ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ	С.Дервишова и В. Смилева	ТЕЛЕФОН И ФАКС	043-232-406
ФУНКЦИЈА	Советници во одд.за комунални работи и сообраќај	Е-МАИЛ	snezana.dervisova@veles.gov.mk
ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА	Општа цел: Планот за урбана мобилност во Велес го препознава брегот на р.Вардар како важен јавен простор со туристички потенцијал. Довршувасее на кејот на река Вардар од местото каде завршува моменталната изведба што ја изведува економскиот оператор Делта Пром до Стар мост (со потегот под стар мост). Со доградба ќе се добие уреден речен брег кој може да се користи како туристичка атракција како и поддршка на нови иновативни идеи за туристички бизниси.Со реализација на проектот ќе се добие обновен брег на река во Вардар со неколку поставени киосци за уметнички и занаетчиски бизниси. Специфична цел 1:Подобрување на состојбите со брегот на р.Вардар со изградба на кејот на десниот брег во вкупна должина од 253м за период од 24 месеци со почеток на отплата во октомври 2024 и завршувасее со отплата во септември 2026 година Специфчна цел 2:Зголемувасее на искористеност на брегот на р.Вардар за 20 % од моменталното искористувасее за рекреација на граѓаните бидејќи ќе има 453м кеј на реката од едната страна и 140м од спротивната. Со изградба на кејот ќе се добие нов лик на тој дел од градот. Специфчна цел 3:Организирање на спортски манифестации кајак на брзи води и др Специфчна цел 4:Зачувувасее на занаетите во изумирање.		
ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ	Преземасее на сите претходни припремни, земјани, бетонски, армирачки, каменорезачки и браварски работи.		
ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ/ЕФЕКТИ	Р1. Изградени вкупно 253м кеј на Река Вардар или со ве•е изградените вкупно 453м. Р2. Зголемувасее на посетители на брегот на река Вардар за 20%. Р3.Организирасее на спортски манифестации. Р4.Зачувувасее на занаетите во изумирасее. Очекувани ефекти: Со регулација на коритото на река Вардар ќе се овозможи безбедно користење на кејот од сите возрасти и квалитетно поминато време покрај вода.		
РИЗИК И ПРЕТПОСТАВКИ	Неповолни временски услови со енормни врнежи.		
ДАТУМ НА ЗАПОЧНУВ. НА ПРОЕКТОТ	01.10.2024	ВКУП. ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ	3.0198.378
ИМЕ НА СТУДИЈАТА	ГП за изградба на објект Кеј на река Вардар (од Нов до Стар мост)		
НИВО НА СТУДИЈАТА *	ГП		
АВТОР / ФИРМА	Бетон АД	СЕДИШТЕ	Скопје
ДАТУМ НА ИЗГОТ.НА ПРОЕКТОТ			

НИВО НА СТУДИЈАТА * ИП - ИДЕЕН ПРОЕКТ ПФС - ПРЕДФИЗИБИЛИТИ СТУ.
ГП - ГЛАВЕН ПРОЕКТ ФС - ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА

	2025	2026	2027	2028	2029
И Н Д И КАТОРИ	15.099.198	11.324.391			

Б1 ОБРАЗЕЦ

ПЛАН НА РАЗВОЈНИ ПОТПРОГРАМИ

ИМЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА	Капитални расходи за други комунални работи	ОЗНАКА НА РАЗВ. ПРОГРАМА	JL
ИМЕ НА РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА	Партерно уредување на плоштад и изградба на подземна гаража	ОЗНАКА НА РАЗВ. ПОТПРОГРАМА	JLE
ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ	С.Велков и Ј.Илијева	ТЕЛЕФОН И ФАКС	078408087
ФУНКЦИЈА	раководител и советник во одд за комунални работи	Е-МАИЛ	slavce.velkov@veles.gov.mk
ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА	На дадената градежна парцела предвидено е едно интегрално тело со неправилна форма и површина од 1508 м2. Објектот се предвидува да се изведува под кота на теренот, во чијшто габарит по вертикала се распоредени три нивоа сите под котата на теренот.Во рамките на теренот, на последното ниво е предвидено плато, партерно уредување, поплочено со имплементирање ниско и високо зеленило интегрирано со урбана опрема. Бројот на обезбедени паркинг возила е 100, од кои 3 се за лица со посебни потреби и 2 за електрични возила.		
ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ	Фаза 1.1 ископ од 1м за формирање плато за изведба на АБ колови; Фаза 1.2 изведба на АБ колови; Фаза 1.3. ископ до кота -5.0 м од горната кота на АБ колови; Фаза 1.4 изведба на прв ред на анкери; Фаза 1.5. ископ до кота -8.0м од горна кота на АБ колови; Фаза 1.6. Изведба на втор ред на анкери; Фаза 1.7. ископ до кота на темелење; - потоа следи објава на јавен повик		
ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ/ЕФЕКТИ	Целта е проектот преку изградба на катна гаража да се намали сообраќајната гужва цо централното градско подрачје и да се обезбеди паркинг за 100 возила. Со партерното уредување би се изградил и плоштад со амбиент атрактивен за секоја генерација.		
РИЗИК И ПРЕТПОСТАВКИ	Појава на подземни води поради близина на р.Вардар и симнување на големата длабина под кота на терен, можност од обрушување на з		
ДАТУМ НА ЗАПОЧНУВ. НА ПРОЕКТОТ	25.11.2024	ВКУП. ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ	132.025.324
ИМЕ НА СТУДИЈАТА	Основен проект партерно уредување на плоштад и изградба на подземна катна		
НИВО НА СТУДИЈАТА *	ГП		
АВТОР / ФИРМА	Студио Линеа Три ДОО Велес	СЕДИШТЕ	Велес
ДАТУМ НА ИЗГОТ.НА ПРОЕКТОТ			

НИВО НА СТУДИЈАТА * ИП - ИДЕЕН ПРОЕКТ ПФС - ПРЕДФИЗИБИЛИТИ СТУ.
ГП - ГЛАВЕН ПРОЕКТ ФС - ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА

И Н Д И КАТОРИ	2025	2026	2027	2028	2029
	118822792	13.202.532			

Б1 ОБРАЗЕЦ

ПЛАН НА РАЗВОЈНИ ПОТПРОГРАМИ

ИМЕ НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА	Капитални расходи за други комунални услуги	ОЗНАКА НА РАЗВ. ПРОГРАМА	JL
ИМЕ НА РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА	Реконструкција на дел од ул. П.Прличков Кресненско востание и Н.Бутникошарова	ОЗНАКА НА РАЗВ. ПОТПРОГРАМА	JLV
ЛИЦЕ ЗА КОНТАКТ	С.Дервишова и В.Смилева	ТЕЛЕФОН И ФАКС	043-232-406
ФУНКЦИЈА		Е-МАИЛ	snezana.dervisova@veles.gov.mk
ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНАТА ПОТПРОГРАМА	Оршта цел: Продобруваење на уличната инфраструктура околу новоизградениот градски пазар и создавање услови за непречен пристап на граѓани, трговци и дистрибутери до пазарот. Специфична цел 1: Подобруваење на условите за работа на новоизградениот градски пазар преку реконструкција/изградба на нова улична инфраструктура со вкупна должина од 665м. за период од 24 месеци со почеток на отплата во декември 2023 и завршување со отплата ноември 2025. Специфична цел 2:		
ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ	1. Реконструкција на ул. Петре Прличков, во должина од 221,26 метри. 2. Реконструкција на ул.Кресненско Востание, во должина од 104,42 метри. 3. Реконструкција на ул.Нада Бутникошарова во должина од 161,56 метри и реконструкија на пешачка улица во должина од 177,62 метри.		
ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ/ЕФЕКТИ	Се очекуваат: изградба на вкупно 665м. улична инфраструктур околу новоизградениот градски пазар; Зголемен број на бизниси во и околу пазар за мин.3% во период од 12 месеци по финализација на проектот; и подобрена безбедност на учесниците во сообраќајот за најмалку 5% во однос на претпроектна фаза. Со реконструкција на уличниот систем околу новоизградениот градски пазар ќе зајакне локалната економија со обезбедување на непречен пристап до локалните бизниси и ќе се подобри пристапот за сите граѓани корисници и даватели на услугите на пазарот. Проектот е од особено значење за решавање на проблемот на постојниот сообраќаен хаос околу пазарот и значително подобрување на безбедноста за пешаците и останатите учесници во сообраќајот.		
РИЗИК И ПРЕТПОСТАВКИ	Неповолни временски услови кои можат да ја одолговлечат реализацијата на проектот.		
ДАТУМ НА ЗАПОЧНУВ. НА ПРОЕКТОТ	01.12.2023	ВКУП. ВРЕДНОСТ НА ПРОЕКТОТ	19889725
ИМЕ НА СТУДИЈАТА	Основен проект за реконстр. на дел од ул. П.Прличков Кр.востание и Н.Бутникошар		
НИВО НА СТУДИЈАТА *	ГП		
АВТОР / ФИРМА	ЕКО МАР Инженеринг ДООЕЛ и Аква Инженеринг и др.	СЕДИШТЕ	
ДАТУМ НА ИЗГОТ.НА ПРОЕКТОТ	01.04.2023		

НИВО НА СТУДИЈАТА * ИП - ИДЕЕН ПРОЕКТ ПФС - ПРЕДФИЗИБИЛИТИ СТУ.
ГП - ГЛАВЕН ПРОЕКТ ФС - ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА

И Н Д И КАТОРИ	2025	2026	2027	2028	2029
	9.116.124				

БИЛАНС НА ПРИХОДИ - 2026

Ниво на: Ставка

Категорија Ставка	О П И С	Буџет	Приходи од самофинан. активности	Приходи од дотации	Приходи од донации	Приходи од кредити	ВКУПНИ ПРИХОДИ
		542.496.435	**88.100.664**	**667.131.822**	**31.130.805**	**0**	**1.328.859.726**
		Б У Џ Е Т					
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**227.572.200**	**0**	**0**	**0**	**0**	**227.572.200**
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	38.964.000	0	0	0	0	38.964.000
713	Даноци на имот	59.415.000	0	0	0	0	59.415.000
717	Даноци на специфични услуги	115.525.200	0	0	0	0	115.525.200
718	Такси на користење или дозволи за вршење на дејност	13.668.000	0	0	0	0	13.668.000
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**11.628.000**	**88.100.664**	**0**	**0**	**0**	**99.728.664**
722	Глоби, судски и административни такси	1.734.000	0	0	0	0	1.734.000
723	Такси и надоместоци	1.530.000	88.100.664	0	0	0	89.630.664
725	Други неданочни приходи	8.364.000	0	0	0	0	8.364.000
73	**КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**	**34.863.685**	**0**	**0**	**0**	**0**	**34.863.685**
733	Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања	34.863.685	0	0	0	0	34.863.685
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**268.432.550**	**0**	**667.131.822**	**31.130.805**	**0**	**966.695.177**
741	Трансфери од други нивоа на власт	268.432.550	0	667.131.822	0	0	935.564.372
742	Донации од странство	0	0	0	31.130.805	0	31.130.805
744	Тековни донации	0	0	0	0	0	0

БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2026

Ниво на: Ставка

Категорија Ставка	О П И С	Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
		542.496.436	**88.100.664**	**667.131.823**	**31.130.804**	**0**	**1.328.859.727**
		Б У Џ Е Т					
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**79.829.222**	**285.600**	**567.777.121**	**0**	**0**	**647.891.943**
401	Основни плати	51.255.000	61.200	399.224.193	0	0	450.540.393
402	Придонеси за социјално осигурување	18.972.000	0	156.753.976	0	0	175.725.976
404	Надоместоци	9.602.222	224.400	11.798.952	0	0	21.625.574
41	**РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ**	**612.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**612.000**
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	612.000	0	0	0	0	612.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**76.494.900**	**76.605.264**	**85.601.532**	**14.105.063**	**0**	**252.806.759**
420	Патни и дневни расходи	275.400	1.337.220	75.480	7.508.618	0	9.196.718
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	15.259.200	9.585.960	35.883.672	0	0	60.728.832
423	Материјали и ситен инвентар	4.763.400	42.191.484	3.573.060	78.540	0	50.606.484
424	Поправки и тековно одржување	28.815.000	7.224.660	3.259.920	0	0	39.299.580
425	Договорни услуги	14.570.700	11.060.880	41.440.560	3.040.454	0	70.112.594
426	Други тековни расходи	7.711.200	2.655.060	1.368.840	3.477.451	0	15.212.551
427	Привремени вработувања	5.100.000	2.550.000	0	0	0	7.650.000
45	**КАМАТНИ ПЛАЌАЊА**	**1.530.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.530.000**
452	Каматни плаќања кон домашни кредитори	1.530.000	0	0	0	0	1.530.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**96.701.513**	**3.682.200**	**6.522.900**	**2.486.245**	**0**	**109.392.858**
463	Трансфери до невладини организации	9.220.800	0	0	0	0	9.220.800
464	Разни трансфери	87.480.713	3.682.200	6.522.900	2.486.245	0	100.172.058
47	**СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ**	**2.040.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**2.040.000**
471	Социјални надоместоци	2.040.000	0	0	0	0	2.040.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**281.837.857**	**7.527.600**	**7.230.270**	**14.539.496**	**0**	**311.135.223**
480	Купување на опрема и машини	4.579.800	1.897.200	826.200	3.216.840	0	10.520.040
482	Други градежни објекти	276.748.057	4.131.000	6.133.770	9.208.327	0	296.221.154
483	Купување на мебел	0	892.500	183.600	0	0	1.076.100
485	Вложувања и нефинансиски средства	510.000	606.900	86.700	2.114.329	0	3.317.929
49	**ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА**	**3.450.944**	**0**	**0**	**0**	**0**	**3.450.944**
491	Отплата на главнина до нерезидентни кредитори	3.450.944	0	0	0	0	3.450.944

БИЛАНС НА ПРИХОДИ - 2027

Ниво на: Ставка

Категорија Ставка	О П И С	Буџет	Приходи од самофинан. активности	Приходи од дотации	Приходи од донации	Приходи од кредити	ВКУПНИ ПРИХОДИ
		553.133.619	**89.828.128**	**680.212.838**	**31.741.213**	**0**	**1.354.915.798**
		Б У Џ Е Т					
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**232.034.400**	**0**	**0**	**0**	**0**	**232.034.400**
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	39.728.000	0	0	0	0	39.728.000
713	Даноци на имот	60.580.000	0	0	0	0	60.580.000
717	Даноци на специфични услуги	117.790.400	0	0	0	0	117.790.400
718	Такси на користење или дозволи за вршење на дејност	13.936.000	0	0	0	0	13.936.000
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**11.856.000**	**89.828.128**	**0**	**0**	**0**	**101.684.128**
722	Глоби, судски и административни такси	1.768.000	0	0	0	0	1.768.000
723	Такси и надоместоци	1.560.000	89.828.128	0	0	0	91.388.128
725	Други неданочни приходи	8.528.000	0	0	0	0	8.528.000
73	**КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ**	**35.547.286**	**0**	**0**	**0**	**0**	**35.547.286**
733	Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања	35.547.286	0	0	0	0	35.547.286
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**273.695.933**	**0**	**680.212.838**	**31.741.213**	**0**	**985.649.984**
741	Трансфери од други нивоа на власт	273.695.933	0	680.212.838	0	0	953.908.771
742	Донации од странство	0	0	0	31.741.213	0	31.741.213
744	Тековни донации	0	0	0	0	0	0

БИЛАНС НА РАСХОДИ - 2027

Ниво на: Ставка

Категорија / Ставка	О П И С	Буџет	Расходи од самофинан. активности	Расходи од дотации	Расходи од донации	Расходи од кредити	ВКУПНИ РАСХОДИ
		553.133.620	**89.828.128**	**680.212.838**	**31.741.214**	**0**	**1.354.915.800**
		Б У Џ Е Т					
40	**ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ**	**81.394.501**	**291.200**	**578.910.005**	**0**	**0**	**660.595.706**
401	Основни плати	52.260.000	62.400	407.052.119	0	0	459.374.519
402	Придонеси за социјално осигурување	19.344.000	0	159.827.582	0	0	179.171.582
404	Надоместоци	9.790.501	228.800	12.030.304	0	0	22.049.605
41	**РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ**	**624.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**624.000**
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	624.000	0	0	0	0	624.000
42	**СТОКИ И УСЛУГИ**	**77.994.800**	**78.107.328**	**87.279.993**	**14.381.633**	**0**	**257.763.754**
420	Патни и дневни расходи	280.800	1.363.440	76.960	7.655.846	0	9.377.046
421	Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	15.558.400	9.773.920	36.587.273	0	0	61.919.593
423	Материјали и ситен инвентар	4.856.800	43.018.768	3.643.120	80.080	0	51.598.768
424	Поправки и тековно одржување	29.380.000	7.366.320	3.323.840	0	0	40.070.160
425	Договорни услуги	14.856.400	11.277.760	42.253.120	3.100.070	0	71.487.350
426	Други тековни расходи	7.862.400	2.707.120	1.395.680	3.545.637	0	15.510.837
427	Привремени вработувања	5.200.000	2.600.000	0	0	0	7.800.000
45	**КАМАТНИ ПЛАЌАЊА**	**1.560.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**1.560.000**
452	Каматни плаќања кон домашни кредитори	1.560.000	0	0	0	0	1.560.000
46	**СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ**	**98.597.620**	**3.754.400**	**6.650.800**	**2.534.995**	**0**	**111.537.815**
463	Трансфери до невладини организации	9.401.600	0	0	0	0	9.401.600
464	Разни трансфери	89.196.020	3.754.400	6.650.800	2.534.995	0	102.136.215
47	**СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ**	**2.080.000**	**0**	**0**	**0**	**0**	**2.080.000**
471	Социјални надоместоци	2.080.000	0	0	0	0	2.080.000
48	**КАПИТАЛНИ РАСХОДИ**	**287.364.090**	**7.675.200**	**7.372.040**	**14.824.586**	**0**	**317.235.916**
480	Купување на опрема и машини	4.669.600	1.934.400	842.400	3.279.916	0	10.726.316
482	Други градежни објекти	282.174.490	4.212.000	6.254.040	9.388.883	0	302.029.413
483	Купување на мебел	0	910.000	187.200	0	0	1.097.200
485	Вложувања и нефинансиски средства	520.000	618.800	88.400	2.155.787	0	3.382.987
49	**ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА**	**3.518.609**	**0**	**0**	**0**	**0**	**3.518.609**
491	Отплата на главнина до нерезидентни кредитори	3.518.609	0	0	0	0	3.518.609

Бр.387

Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес

Се објавува Одлуката за измена и дополнување на одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.12.2024 година.

Број 08-4987/2
13.12.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија”бр. 27/14, 199/14 ,27/164, 35/18 и 198/18 и Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19, 14/20 и 208/24), член 57 став (4) од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02 и„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 45 став 1 од Статутот на Општината Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана 12.12.2024 година, донесе:

О Д Л У К А
за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Одлуката бр.25-5545/5 од 26.12.2017 година за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.24/17 и 11/24).

Член 2

Во член 8 од Одлуката бр.25-5545/5 од 26.12.2017 година за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.24/17 и 11/24) се додава нова точка која гласи: **2-а Сектор за Финансиски прашања,** во чиј состав се

2-а 1. Одделение за Буџетска координација и контрола

2-а 2. Одделение за сметководство и плаќање

2-а 3. Одделение за администрирање на локални даноци и такси.

Член 3

Во Одлуката бр.25-5545/5 од 26.12.2017 година за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.24/17 и 11/24) во член 8 точките 7 и 7а се бришат.

Член 4

По член 18 се додава нов член18-а кој гласи :

2-а Секторот за финансиски прашања ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

-проучување на законските и подзаконските акти и прописи од областа на буџетското и материјалното-финансиско работење;

-изработување, извршување и известување за извршувањето на Буџетот и следење на неговата реализација;

-изработување на Годишна завршна сметка за извршувањето на Буџетот на општината;

-изготвување на финансиски план за извршување на Буџетот (месечен, квартален и годишен) за општината и единките корисници на општината;

-изработување на квартални финансиски извештаи за извршување на Буџетот за тековната година;

-проучување и реализирање на прописи од областа на финансиско-материјалното, сметководственото и книговодственото работење како и други општи и поединечни акти за реализација на оваа надлежност;

-управување, следење и контрола на состојбата на движењето на средствата и изворите на средствата на општината утврдени со Буџетот;

-подготовка на стратешки план на општината;

-измена и дополнување на Буџетот и стратешкиот план на општината;

-контрола на подготовката и извршувањето на Буџетот;

-спроведување ex-ante и ex-post финансиска контрола;

-подготовка, примање, ликвидирање и контрола на сметководствената документација;

-подготовка на Годишен финансиски извештај, освен извештај за извршените ревизии и активности на внатрешната ревизија, кој го подготвува Одделението за внатрешна ревизија, а е составен дел од овој извештај, согласно член 47 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола („Службен Весник на РМ “ бр.90/09);

-благајничко работење;

-планирање на приходи, нивно утврдување и наплата;

-изготвување прегледи, исплаќање плата и надоместоци и нивна евиденција;

-проучување на законите и подзаконските акти и други прописи од областа на даноците и таксите и се грижи за нивна доследна примена;

-планирање на приходите, нивно утврдување и наплата;

-водење на евиденција на даночните обврзници;

-идентификација на недвижен и подвижен имот;

-усогласување на состојбата на регистарот на недвижности со состојбата на недвижности во геодетска управа;

-спроведување на постапка за присилна наплата на локални даноци и такси, предлагамерки за нивно унапредување и регистрација на имот.

2-а 1 **Одделението за буџетска координација и контрола** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

-координација на процесот на подготвување, изготвување, изменување и дополнување на Буџетот и на годишни, квартални и месечни буџетски и стратешки планови на Општината и општинските буџетски корисници;

-координирање на процесот на развој, воспоставување, спроведување и одржување на финансиско управување и контрола;

-давање предлози за воспоставување /укинување на ex-ante финансиска контрола со вршење на проценка на ризик и ажурирање на процедурите за работните процеси во областа на финансиското управување и контрола;

-задолжително давање на мислење по предлог-актите што ги изготвуваат другите организациони единици во Општина Велес предлог –актите на другите субјекти кои имаат или може да имаат финансиска импликации за Буџетот на Општина Велес;

-изготвување на План за воспостување на финсиското упавување и контрола како и методологијата за спроведување на Планот кој ги одобрува Градооначалникот;

-следење и примена на законската регулатива од областа на буџетското работење;

-подготовка на Извештај за активностите за воспоставување и развој на финансиското управување и контрола;

-вршење на самопроценка на одделни процеси на системот на финансиско управување и контрола;

-врши подготовка на Годишниот финансиски Извештај од член (47) од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола.

-контролирање на извршување на Буџетот;

-контролирање на извршувањето на утврдените политики и оперативно управување/ надзор над целокупниот процес за финансиското управување и контрола;

-контрола на изготвување на информации и извештаи за извршувањето на Буџетот;

-контрола на следење и примена на законската регулатив/закони, подзаконски акти, прописи, стандарди, упатства од областа на финансиското управување и контрола;

-контрола на расположивоста на планираните средства од Буџетот;

2-а 2 Одделението за сметководство и плаќање, ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

-спроведување сметководствено евидентирање за извршување на Буџетот /финансискиот план и подготвувањето на Годишната сметка и Годишен извештај/билансна состојба, биланс на приходите и расходите, консолидиран биланс на капиталниот имот, биланс на задолжување и белешки/образложение кон финансиските извештаи;

-сметководствено евидентирање на основните средства на Општината, евидентирање на наплата на побарувањата и евидентирање и плаќање на достасаните обврски, материјално и даночно сметководство;

-буџетското и финансиското известување;

-изготвување на годишни, квартални и месечни финансиски извештаи за Буџетот на Општината и нејзините органи во состав, нејзините корисници согласно законските прописи;

-ex-ante сметководствена контрола на целокупната документација пред да се изврши плаќањето согласно пропишаните процедури за сметководствените процеси;

-следење и примена на законската регулатива од областа на сметководственото, материјалното и финансиското работење;

-секојдневно водење на благајнички работи;

-пресметка и исплата на платите на вработените во Општината и општинските буџетски корисници;

-врши усогласување на состојбите на даночната евиденција, сметководството и евидентирање на задолжувањата и раздолжувањата на даноците, придонесите и таксите.

2-а 3. **Одделението за администрирање на локални даноци и такси** ги извршува надлежностите кои се однесуваат на:

- утврдување и наплата на данок на наследство и подарок;
- утврдување и наплата на данок на промет со недвижности
- утврдување и наплата на комуналните такси и надоместоци
- утврдување и наплата на данок на имот
- ја води жалбената постапка на данок на промет, наследство и подарок.
- ја води жалбената постапка на данок на имот.
- ја води жалбената постапка против Решенија за комунална такса
- податоците од состојбите на регистрите на недвижен и подвижен имот во законски утврден рок ги доставува до Централниот регистар на РСМ и до Управата за јавни приходи – Генерална дирекција,

-согласно со критериумите утврдени со законските прописи; води регистри за утврдување и наплата на комуналните такси и други такси.

-изготвува Опомени за неплатен даночен долг за даноците на имот и комуналните такси и другите надоместоци,

-изготвува Решенија за присилна наплата за даноците на имот и комуналните такси и другите надоместоци;

-врши контрола на изготвените Опомени и Решенија за присилна наплата;

-води жалбената постапка за присилна наплата;

-врши прием на Даночни пријави за утврдување на данок на промет на недвижности, данок на наследство и подарок, данок на имот, комунални такси и други надоместоци,и други потребни документи.

-врши издавање на документи (решенија, уверенија,потврди и слично) за данок на промет на недвижности, наследство и подарок, данок на имот ,комунални такси и други надоместоци;

-го води уписникот преку приемни бројчиња по доставени даночни пријави, жалби, барања и др. во текот на годината и истиот се затвара со 31.12. во тековната;

- врши наплата на локалните даноци на имот и комунална такса преку ПОС терминали;

-ги следи и применува законските прописи и дава мислење за измена и дополнување на законските прописи и интерните акти,

- утврдување на пазарна вредонст на недвижен имот,применувајќи ја методологијата за утврдување на пазарна вредност на недвижен имот; утврдување на макро локација на зони за секоја општина поедниначно согласно извршените продажби во тековната година;

-постапување по жалбена постапка за проценетиот недвижен имот од данок на промет, наследство и подарок и данок на имот;

-ги следи законите и другите прописи од областа на локалната самоуправа ја следи усогласеноста на одлуките и другите општи акти со законите и другите прописи и предлага соодветни активности за нивно усогласување.

-води книговодствена евиденција на приходите по основ на данокот на промет,наследство и подарок, данок на имот, комунални такси и приход по основ на камати за ненавремено плаќање на даночен долг.

Член 5

Во Одлуката бр.25-5545/5 од 26.12.2017 година за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес (Службен гласник на Општина Велес бр.24/17 и 11/24) членот 23 и членот 23 а се бришат.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“, а ќе се применува по добиената писмена Согласност од страна на Министерството за јавна администрација.

Број 25-4986/3
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Бр.388

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за донесување на Интегриран локален развоен план на Општина Велес за период од 2024 до 2027 година

Се објавува Заклучокот за донесување на Интегрираниот локален развоен план на Општина Велес за период од 2024 до 2027 година, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2024 година.

Број 08-4987/3
13.12.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Интегриран локален развоен план на Општина Велес за период од 2024 до 2027 година

1.Советот на Општина Велес го донесе Интегрираниот локален развоен план на Општина Велес за период од 2024 до 2027 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4986/4
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Бр.389

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на ЈКП ,,Дервен’’ Велес

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈКП ,,Дервен’’ Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.12.2024 година.

Број 08-4987/4
13.12.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 27 став 8 и 9 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес

Член 1

Со оваа Одлука се врши изменување на Одлуката за утврдување на месечен надоместок за присуство на седници на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес со бр.25-3041/4 од 04.07.2023 година.

Член 2

Во член 2 став 1 алинеја 1, износот од 2.000,00 денари се заменува со: „7.000,00“ и во алинеја 2 износот од 2.000,00 денари се заменува со: „6.000,00“.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4986/5
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Бр.390

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за распишување на Јавен повик за прејавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на ЈКП ,,Дервен'' Велес

Се објавува Одлуката за распишување на Јавен повик за прејавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈКП ,,Дервен'' Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.12.2024 година.

Број 08-4987/5
13.12.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за прејавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седница одржана на 12.12.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за распишување на Јавен повик за прејавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес

Член 1

Општина Велес распишува Јавен повик за прејавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес.

Член 2

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

Член 3

Постапката за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Велес.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-4986/6
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/2024) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес објавува:

Јавен повик
за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес

1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на два члена члена на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.213/2024).

Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода.

2. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите лица кои ќе пројават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk и на страната на ЈКП „Дервен" Велес https://derven.mk/.

3. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование од областа на праните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен" Велес, треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24), член 26 став 5 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10,15/14,15/18, 06/19 и 8/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за престанок на мандатот на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

1. Со ова Решение се утврдува престанок на мандатот на членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење во ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес:

- Снежа Петрушевска;
- Филип Миланов;
- Ердал Тафиков и
- Драгана Николова.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4986/19
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Бр.404

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за назначување вршители на должност за членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес

Се објавува Решението за назначување вршители на должност за членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското

работење на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2024 година.

Број 08-4987/19
13.12.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24), член 17–ѓ став 5 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), и член 45 став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а по предлог на градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес

1. Со ова Решение се назначуваат двајца вршители на должност за членови на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес:

- Елена Јаневска Гиновска и
- Катерина Граматова.

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4986/20
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Бр.405

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес

Се објавува Одлуката за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.12.2024 година.

Број 08-4987/20
13.12.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 27 став 8 и 9 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" бр.12/06,13/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

ОДЛУКА
за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес

Член 1

Со ова Одлука се утврдува висина на надоместокот, врз основа на присуство на седница на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес.

Член 2

За присуство на седници на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес им се утврдува надоместок и тоа:

- за Претседателот надоместок во износ од 2.000,00 денари;
- за членовите надоместок во износ од 2.000,00 денари;

Член 3

2. Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-4986/21
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Бр.406

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес

Се објавува Одлуката за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.12.2024 година.

Број 08-4987/21
13.12.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие,

начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес на седница одржана на 12.12.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за распишување на Јавен повик за прејавување на интерес
за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор
за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

Член 1

Општина Велес распишува Јавен повик за прејавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк–Спорт и Паркинзи“ Велес.

Член 2

Јавниот повик содржи податоци за условите кои треба да бидат исполнети, а на јавниот повик може да се пријават сите заинтересирани кандидати кои ќе поднесат пријава и комплетна документација со кои се потврдува дека ги исполнуваат условите од јавниот повик согласно законските прописи.

Јавниот повик е даден во прилог на оваа одлука.

Член 3

Постапката за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално финансиското работење на ЈП „Парк–Спорт и Паркинзи“ Велес, ја спроведува Комисија за селекција формирана од Советот на Општина Велес.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Велес.

Број 25-4986/22
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл. весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), член 26 и 26-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22, 274/22 и 208/24), како и Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за прејавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06,3/09,18/10 и 15/14, 15/18, 06/09 и 08/21), а по предлог на Градоначалникот,

Советот на Општина Велес објавува:

Јавен повик
за избор на членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

1. ПРЕДМЕТ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на Јавниот повик е спроведување на постапка за избор на два члена на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес.

Постапката ќе се спроведе согласно Правилникот за формата и содржината на јавниот повик за прејавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на член на управен и надзорен одбор на јавно претпријатие, начинот на поднесување на пријавата, обрасците за пријавување и начинот на бодување и селекција на кандидатите („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.213/2024).

Основна дејност на претпријатието е 36.00 Собирање, обработка и снабдување со вода.

2. ПРАВО НА УЧЕСТВО

Право на учество имаат сите лица кои ќе прејават интерес за пријавување на кандидати кои ги исполнуваат условите предвидени во Јавниот повик.

Јавниот повик со сите услови се објавува на веб страната на Општина Велес www.veles.gov.mk и на страната на ЈП „Парк–Спорт и Паркинзи“ Велес https://parksport.com.mk/.

3. УСЛОВИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ИСПОЛНАТ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

За член на Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес на јавното претпријатие може да биде лице кое ги исполнува следниве услови:

- е државјанин на Република Северна Македонија
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII степен образование од областа на правните науки, економските науки или од областа на дејноста на јавното претпријатие и
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

Членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес, треба да имаат и соодветно работно искуство, и тоа:

- еден член на надзорниот одбор, треба да има најмалку пет години работно искуство,
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на финансиското работење и
- еден член на надзорниот одбор треба да има најмалку пет години работно искуство од областа на правните работи

Времетраењето на мандатот на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес изнесува четири години, со право на уште еден последователен мандат.

4. РАБОТНИ ЗАДАЧИ, ОДГОВОРНОСТИ, ПРАВА И ОБВРСКИ НА НАДЗОРЕН ОДБОР ЗА КОНТРОЛА НА МАТЕРИЈАЛНО-ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ

Согласно член 27 од Законот за јавните претпријатија, Надзорниот Одбор, ги извршува следните работни задачи, одговорности, права и обврски и тоа:

1. Заради вршење на работите на контрола, надзорниот одбор за контрола може да врши испитување на лице место на сите документи и списи на јавното претпријатие. Надзорниот одбор за контрола може заради испитување на документите и списите на јавното претпријатие да повика стручни лица кои ќе му помагаат во решавањето на надзорот.
2. Членовите на надзорниот одбор за контрола можат да присуствуваат на седницата на управниот одбор и им се доставува покана со сите материјали што им се доставуваат на членовите на управниот одбор.

3. Надзорниот одбор за контрола задолжително ги прегледува тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работа на јавното претпријатие и по прегледувањето му дава мислење на управниот одбор. Управниот одбор не може да ги усвои тримесечните извештаи кои содржат показатели за финансиското работење, годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие, ако претходно не добие позитивно мислење од надзорниот одбор за контрола.
4. Надзорниот одбор за контрола може да дава одобрение на актите донесени од управниот одбор, доколку тоа е утврдено со статутот на јавното претпријатие.
5. Извештајот за прегледот на годишните сметки и извештајот за работењето на јавното претпријатие со свое мислење, надзорниот одбор за контрола му го доставува на министерот за финансии. Во извештајот до министерот за финансии, надзорниот одбор за контрола го известува за состојбата на јавното претпријатие врз чие работење врши контрола. Надзорниот одбор за контрола копие од извештајот му доставува и на министерот надлежен за работите на соодветната дејност.
6. Претседателот на надзорниот одбор на јавното претпријтие или доколку претседателот од оправдани причини не е во можност да присуствува членот на надзорниот одбор овластен од претседателот, е должен да присуствува на седницата на Советот на општината, кога се дискутира и се одлучува за работи и документи од надлежност на надзорниот одбор на јавното претпријатие.
7. Надзорниот одбор задолжително се состанува најмалку четири пати годишно.

5. НАДОМЕСТОК

Претседателот и членовите на надзорниот одбор на јавното претпријатие за секоја седница на надзорен одбор на која присуствувале имаат право на надоместок во висина до една третина од просечната нето плата на вработените во јавното претпријатие исплатена во претходната година.

Висината на надоместокот со одлука го утврдува основачот на јавното претпријатие и изнесува: за Претседателот надоместок во износ од 2.000,00 денари и за членовите надоместок во износ од 2.000,00 денари согласно Одлуката за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес со бр. 25-4986/21 од 13.12.2024 година.

6. НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Задолжителни документи кои треба да бидат доставени како доказ за исполнување на условите за член на Надзорниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес се:

1. Уверение за државјанство на Република Северна Македонија,
2. Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати 240 ЕКТС или завршен VII/1 степен образование,
3. Потврда дека со правосилна судска пресуда не му изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,
4. Потврда за евидентиран стаж од Фондот на пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија,
5. Кратка биографија,
6. Сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени односно акредитирани институции за нивно издавање согласно закон.

7. ПОСТАПКА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА ЧЛЕНОВИТЕ

Постапката за селекција на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес се состои од две фази и тоа:

-Фаза 1 - административна селекција (фаза во која се врши проверка на внесените податоци во пријавата со условите од јавниот повик кои треба да се идентични со условите утврдени во Законот за јавните претпријатија, како и на доставените докази и се врши нивно бодување) и

- Фаза 2 – интервју (фаза во која преку ситуациони и стручни прашања и практични задачи се проверуваат општите и посебните работни компетенции на кандидатот и се врши

нивно бодување, а се поставуваат и општи прашања со кои се проверува интересот и мотивацијата на кандидатот за работата, прашања за неговото претходно работно искуство, очекувањата на кандидатот и сл.).

Точниот датум, време и место на оддржување на интервјуто ќе бидат објавени на веб страната на Општина Велес: www.veles.gov.mk.

8. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВЕНИТЕ

Јавниот повик се објавува на ден 20.12.2024 година и трае 5 (пет) дена, односно надоцна до 25.12.2024 година.

Пријавените кандидати соодветната документација во хартиена форма во оригинал или копија заверена на нотар заедно со пополнета Пријава на образец за пријавување (која е во прилог кон повикот) да ја достават до:

- во архивата на Општина Велес, ул„Панко Брашнар" бр.1, Велес (со назнака: За Јавен повик за именување на членови на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи" Велес)

Незадоволните кандидати од изборот за членови во управниот одбор на јавното претпријатие имаат право да поведат управен спор до надлежен суд согласно со Законот за управни спорови.

Напомена: Пријавите без комплетно приложена документација или кои се доставени по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.

Број 25-4986/22
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Бр.407

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2024/2025 година

Се објавува Одлуката за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2024/2025 година, што Советот на Општина Велес ја донесе на седницата одржана на 12.12.2024 година.

Број 08-4987/22
13.12.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 03/09, 18/10 , 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), а согласно член 11, од Деловникот за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр. 11/11), член 12 од Правилникот за условите, критериумите и начинот на доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.17/22,18/22, 16/23 и 12/24) и Годишна програма за работа на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес за 2024/2025 година бр. 25-3740/5 од 08.11.2024.

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

О Д Л У К А
за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2024/2025 година

Член 1

Со оваа Одлука се врши избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2024/2025 година, согласно Правилникот за условите, критериумите и начинот на

доделување на стипендии на талентирани ученици и студенти во Општина Велес на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес.

1.За студенти стипендијанти за учебната 2024/2025 година се избираат:

	Студенти	**Факултет**
1	Кристина Ивановска	Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје
2	Филип Петров	Фармацевтски факултет -УКИМ Скопје
3	Тамара Коцевска	Медицински Факултет- УКИМ Скопје
4	Стојан Стојанов	Музичка академија -УГД Штип
5	Бојана Спасовска	Правен факултет „Јустинијан Први“ Скопје

2.За ученици стипендијанти за учебната 2024/2025 година се избираат :

	Ученици	**Училиште**
1	Марко Поптодоров	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
2	Кристијан Мартинов	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
3	Дора Пајдакова	ДМБУЦ „Илија Николовски - Луј“ - Скопје
4	Василка Карталова	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
5	Марко Димовски	ДСУ РЦСОО Коле Неделковски
6	Панче Крстев	ПСУ „Јахја Кемал“ Скопје
7	Симона Ѓурова	ДСУ РЦСОО Коле Неделковски
8	Ана Бошкова	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
9	Андреја Нешов	ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес
10	Давид Николов	ДСУ РЦСОО Коле Неделковски
11	Јана Пљокова	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
12	Марија Ќириќ	ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес
13	Изабела Ѓурчиновски	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
14	Викторија Панзова	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
15	Лилјана Филипова	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
16	Моника Манаскова	ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес
17	Александра Чатмова	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
18	Наумина Стоилковска	ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес
19	Ива Андоновска	ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес
20	Елена Наумова	ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес

21	Никола Спасев	ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес
22	Андреј Митковски	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
23	Дарко Жабев	ДСУ РЦСОО Коле Неделковски
24	Сара Арсеновска	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес

25	Матеј Ѓорѓиев	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
26	Изабела Анѓелкова	ССОУ „Димитрија Чуповски“ Велес
27	Памела Миланова	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
28	Ана Тодорова	ОСУ „Јовче Тесличков“ Велес
29	Мила Јовановска	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
30	Бојана Мицевска	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес
31	Теодора Панова	СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ - Велес

Член 2

Висината на стипендијата за талентираните ученици од член 1 на оваа Одлука изнесува 2.000,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2024/2025 година.

Висината на стипендијата за талентираните студенти од член 1 на оваа Одлука изнесува 2.500,00 денари месечно, 9 (девет) месеци во текот на учебната 2024/2025 година.

Член 3

Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Велес и истите ќе се исплатат на два дела и тоа првиот дел (за месеците 10,11,12 2024 година) во оваа учебна година, а вториот дел во наредната учебна година (за месеците од јануари до јуни) за што со стипендијантите кои ги стипендираат ќе склучат договори.

Средствата од страна на донаторите ќе се исплатат на два дела и тоа првиот дел (за месеците 10,11,12 2024 година) во оваа учебна година, а вториот дел во наредната учебна година (за месеците од јануари до јуни) за што со стипендијантите кои ги стипендираат ќе склучат договори помеѓу стипендијантот, донаторот и Градоначалникот.

Член 4

Стипендијата ќе биде исплатена на посебна трансакциона сметка на секој корисник на стипендија, по потпишувањето на договорот.

Член 5

Извештајот на Комисијата за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес, согласно спроведениот Конкурс е составен дел на оваа Одлука.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето, во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4986/23
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Бр.408

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за усвојување на Програма за работа на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес

Се објавува Заклучокот за донесување Програма за работа на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2024 година.

Број 08-4987/23
13.12.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Програма за работа на Општински совет за превенција на детско престапништво за 2025 година

1.Советот на Општина Велес ја усвои Програмата за работа на Општински совет за превенција на детско престапништво за 2025 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4986/24
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Бр.409

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за разрешување на член на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес

Се објавува Решението за разрешување на член на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2024 година.

Број 08-4987/24
13.12.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 181 став 2 од Законот за правда на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/24) и член 22, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09, 18/10, 14/15, 15/18, 06/19 и 8/21), а согласно Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.03/12 и 03/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на член на Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на Општина Велес

1. Со ова Решение се врши разрешување на член на Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на Општина Велес:

   - Татјана Ѓуровска.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4986/25
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Бр.410

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Решение за именување на член на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес

Се објавува Решението за именување на член на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2024 година.

Број 08-4987/25
13.12.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), член 181 став 2 Законот за правда на децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/24) и член 22, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 03/09, 18/10, 14/15, 15/18, 06/19 и 8/21), а согласно Одлуката за формирање на Општински совет за превенција од детско претстапништво на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.03/12 и 03/14)

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на член на Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на Општина Велес

1. За член на Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на Општина Велес се именува:

- Ненад Колев ,претставник од МВР-СВР Велес;

2. Ова Решение влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4986/26
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Бр.411

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.202/24) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“ бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18,06/19 и 08/21),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување Заклучок за усвојување Наративен и финансиски извештај за реализација на културната манифестација ,,Фестивал на Jazz, World и Современа музика’’

Се објавува Заклучокот за усвојување Наративен и финансиски извештај за реализација на културната манифестација ,,Фестивал на Jazz, World и Современа музика’’, што Советот на Општина Велес го донесе на седницата одржана на 12.12.2024 година.

Број 08-4987/26
13.12.2024 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24) и член 45, став 1, од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес” бр.12/06, 3/09, 18/10, 15/14 ,15/18 и 08/21),

Советот на Општина Велес на седницата одржана на 12.12.2024 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за усвојување на Наративен и финансиски извештај за реализација на културната манифестација „Фестивал на Jazz, World и Современа музика“

1.Советот на Општина Велес го усвои Наративниот и финансиски извештај за реализација на културната манифестација „Фестивал на Jazz, World и Современа музика“.

2.Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-4986/27
13.12.2024 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Број на акт	СОДРЖИНА	страна
386	**З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за утврдување Нацрт - Буџет на Општина Велес за 2025 година**	
	З А К Л У Ч О К за утврдување Нацрт-Буџет на Општина Велес за 2025 година	
387	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес**	
	О Д Л У К А за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на Општина Велес	
388	**З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување на Интегриран локален развоен план на Општина Велес за период од 2024 до 2027 година**	
	З А К Л У Ч О К за донесување на Интегриран локален развоен план на Општина Велес за период од 2024 до 2027 година	
389	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на ЈКП ,,Дервен'' Велес**	
	ОДЛУКА за изменување на Одлуката за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес	
390	**З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално- финансиското работење на ЈКП ,,Дервен'' Велес**	
	О Д Л У К А за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈКП „Дервен“ Велес	

391 **З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Рекреативно зеленило во класа на намена А1 – Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр. 15857/2 за КО Велес**

О Д Л У К А за утврдување на потреба за пренамена на површина со класа на намена Рекреативно зеленило во класа на намена А1- Домување во станбени куќи заради усогласување на намената на бесправните објекти изградени на КП бр.15857/2 во КО Велес

392 **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 110 и КП бр. 105/1 во КО Црквино**

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр.110 и КП бр. 105/1 во КО Црквино

393 **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 16713/9 во КО Велес**

О Д Л У К А за утврдување на потреба за донесување на урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти изградени на КП бр. 16713/9 во КО Велес

394 **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програма за изменување и дополнување на Програмата на активностите на Општина Велес во областа на урбанистичко планирање во 2024 година**

З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за измена и дополнување на Програмата на активностите на Општина Велес во областа на урбанистичкото планирање во 2024 година

395 **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за определување широчина на крајбрежен појас на суводолина во село Клуковец, за Општ акт за с. Клуковец, Општина Велес**

О Д Л У К А за определување широчина на крајбрежен појас на суводолина во село Клуковец, за Општ акт за с.Клуковец-Општина Велес

396 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за разрешување на член во Комисијата за селекција за избор на членови во Управниот одбор на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

397 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за именување на член во Комисијата за селекција за избор на членови во Управниот одбор на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес**

Р Е Ш Е Н И Е за именување член во Комисија за селекција за избор на членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

398 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за разрешување на заменик член во Комисијата за селекција за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

399 **З А К Л У Ч О К**
за објавување Решение за именување на заменик член во Комисијата за селекција за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес

Р Е Ш Е Н И Е за именување на заменик член во Комисија за селекција за избор на членови во надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

400 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за престанок на мандатот на членовите во Управниот одбор на ЈП ,,Парк – Спорт и Паркинзи'' Велес**

Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандатот на членовите во Управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

401 **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за утврдување на месечен надоместок за присуство на седници на членовите во Управниот одбор на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес**

ОДЛУКА за утврдување на месечен надоместок за присуство на седници на членовите на управниот одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

402 **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Управниот одбор на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес**

О Д Л У К А за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор членови во управен одбор на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

403 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за престанок на мандатот на членовите во Надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес**

Р Е Ш Е Н И Е за престанок на мандатот на членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

404 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за назначување вршители на должност за членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес**

Р Е Ш Е Н И Е за назначување вршители на должност за членови на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

405 **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на Надзорниот одбор за контрола на материјално – финансиското работење на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес**

ОДЛУКА за утврдување на надоместок за присуство на седници на членовите на надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

406 **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во Надзорниот одбор за контрола на материјално –финансиското работење на ЈП ,,Парк –Спорт и Паркинзи'' Велес**

О Д Л У К А за распишување на Јавен повик за пројавување на интерес за пријавување на кандидати за избор на членови во надзорен одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес

407 **З А К Л У Ч О К за објавување Одлука за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2024/2025 година**

О Д Л У К А за избор на талентирани ученици и студенти кои добиваат стипендија за учебната 2024/2025 година

408 **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за донесување Програма за работа на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Програма за работа на Општински совет за превенција на детско престапништво за 2025 година

409 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за разрешување на член на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес**

Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на член на Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на Општина Велес

410 **З А К Л У Ч О К за објавување Решение за именување на член на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Велес**

Р Е Ш Е Н И Е за именување на член на Општинскиот совет за превенција на детско претстапништво на Општина Велес

411 **З А К Л У Ч О К за објавување Заклучок за усвојување Наративен и финансиски извештај за реализација на културната манифестација ,,Фестивал на Jazz, World и Современа музика’’**

З А К Л У Ч О К за усвојување на Наративен и финансиски извештај за реализација на културната манифестација „Фестивал на Jazz, World и Современа музика“

Издавач Општина велес , телефон 232-406, 232-966,
Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на Буџетски корисник : 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00